**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 29.03.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година ревидирана од ревизорско друштво

### Член 1

Се усвојува Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2022 година, изработена во согласност со законската регулатива во Република Северна Македонија, а врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции, ревидирани од страна на Друштвото за ревизија Грант Торнтон Доо Скопје .

Консолидирана годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2022 година, се усвојува според следните биланси:

1. Консолидиран биланс на состојба на ден 31.12.2022 година,
2. Консолидиран биланс на успех од 01.01. до 31.12.2022 година

### Член 2

Во Консолидиран биланс на состојбата на ден 31.12.2022 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Актива | Ден. 151.049.747.859 |
| Пасива | Ден. 151.049.747.859 |

### Член 3

Во Консолидиран биланс на успех за периодот од 01.01. до 31.12.2022 година приходите изнесуваат 6.655.099.103 денари, а расходите 4.316.527.669 денари, или добивка пред оданочување од 2.338.571.434 денари. По пресметување на данок на добивка во износ од 166.863.902 денари, добивката по оданочување е во износ од 2.171.707.532 денари.

**Член 4**

Консолидираната годишна сметка претставува составен дел на Одлуката.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**